Република Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

МКД СЕРТИФИКАТ

**МКС EN ISO 9001:2009**
**Број на сертификат:**
**CT-16/3-023**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 14- 947 /1
11.01. .2018 година
ул, Аминта трети бр. 2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта:info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 51 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), донесе

## РЕШЕНИЕ
### за висината на надоместокот за издавањето на годишнатата дозвола за рекреативен риболов за сите риболовни води во Република Македонија – Државна дозвола

1. Висината на надоместокот за издавање на годишната дозвола за рекреативен риболов за сите риболовни води во Република Македонија – Државна дозвола за 2018 година изнесува 7.000, 00 денари.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 51 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), надоместокот за издавање на државната дозвола е во висина на највисокиот определен надоместок за издавање на годишна дозвола за одреден риболовен ревир и рекреативна зона зголемен за два пати но не повеќе од 7.000,00 денари. Со оглед на тоа дека во 2018 година највисокиот определен надоместок за издавање на годишна дозвола изнеусва 4.000,00 денари се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Дозволата се издава по поднесено барање (образец) за издавање државна дозвола во чиј прилог се доставува доказ за извршена уплата во Буџет на Република Македонија – 70% од вредноста на надоместокот, односно износ од 4.900,00 (четири илјади и деветстотини) денари и доказ за извршена уплата на сметка на риболовното здружение чиј член е корисникот (сопственикот) на дозволата – 30% од вредноста на надоместокот на дозволата, односно износ од 2.100,00 (две илјади и сто) денари, како и фотокопија од легитимација за рекреативен риболов за 2018 година издадена на име на лицето – сопственик на дозволата.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА Скопје

| Примено: | 22.01.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0102 | 5 | 1 | – |

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани